JUB kemična industrija d.o.o.
Dol pri Ljubljani 28
SI-1262 Dol pri Ljubljani
Slovenija

Член на Групацијата ЈУБ

Боите го менуваат домот

**ТЕХНИЧКИ ЛИСТ 08.02-мк**
СРЕДСТВА ЗА НИЈАНСИРАЊЕ

# DIPI COLOR

Пигмент за нијансирање на внатрешни бои

## 1. Опис, употреба

DIPI COLOR е течно средство за нијансирање на JUPOL  и сличните на него внатрешни дисперзни ѕидни бои до пастелни нијанси. Изработен е од квалитетни неоргански и органски пигменти, и е на располагање во 9 нијанси.

## 2. Начин на пакување, нијанси

шишенца од 100 ml:
- жолта (5), портокалова (15), окер (45), кафен (55), црвена (25), зелена (75), сина (85), црна (95), виолетова (35)

## 3. Технички податоци

| | |
|---|---|
| густина (kg/dm$^3$) | 1,00 – 1,14 |
| pH | 8,0 – 9,0 |

## 4. Упатство за употреба

Шишенцето добро го протресуваме, потоа бараната припремена количина рачно или со електрична мешалка ја мешаме во дисперзната боја (најмногу 200 ml на 15 l бела боја). Доколку за подготовка на саканата нијанса употребиме DIPI COLOR од повеќе различни тонови, наведените ограничувања важат за вкупно употребената количина на нијансирното средство. Во поглед на соодносот помеѓу додадените количини на средства за нијансирање нема никакви ограничувања.

## 5. Чистење на алатот, постапување со отпадот

Алатот веднаш после употребата темелно го миеме со вода.

Остатокот од средството за нијансирање во добро затворена амбалажа го чуваме за можна подоцнежна употреба. Неупотребените течни остатоци не ги излеваме во канализација, водотеци или во околината, и не ги отстрануваме заедно со куќниот отпад. Ги мешаме со цемент (можеме да додадеме и стврднати остатоци од малтер и отпадоци, песок, пилевина) и стврднати ги одлагаме на депонија за градежен (класификациски број на отпадот:17 09 04) или комунален отпад (класификациски број на отпадот:08 01 12).

Исчистената амбалажа може да се рециклира.

## 6. Заштита при работа

Почитувајте ги општите упатства и прописи од заштитата при работа кај градежни односно бојаџиски работи. Употреба на посебни заштитни средства и посебни постапки за безбедна работа при употреба на овој производ не се потребни.

Доколку производот дојде во контакт со очите, веднаш треба да се измијат со вода.

## 7. Складирање, транспортни услови и трајност

Чување и транспорт при температура +5 ºC до +25 ºC, заштитено од директна сончева светлина, надвор од дофат на деца, НЕ СМЕЕ ДА ЗАМРЗНЕ!

Трајност при чување во оригинално затворена и неоштетена амбалажа: најмалку 18 месеци.

## 8. Контрола на квалитетот

Карактеристиките на квалитетот на производот се определени со интерни производни спецификации и со словенечки, европски и други стандарди. Постигнувањето на декларираното или пропишаното ниво на квалитет постојано се проверува во нашите лаборатории, а повремено и во други независни стручни институции дома и во странство, а го обезбедува и во JUB пред повеќе години воведениот систем на целосно следење и контрола на квалитетот ISO 9001. При производството на производот строго ги уважуваме словенечките и европските стандарди од подрачјето на заштитата на животната средина и заштитата при работа, што го докажуваме со сертификатите ISO 14001 и OHSAS 18001.

## 9. Други информации

Техничките упатства во овој проспект се дадени врз основа на нашето искуство и со цел при употреба на производот да се постигнат оптимални резултати. За штета настаната поради погрешен избор на производот, неправилна употреба или поради неквалитетна работа не преземаме никаква одговорност.

Овој технички лист ги дополнува и заменува сите претходни изданија; го задржуваме правото на можни подоцнежни промени и дополнувања.

Ознака и датум на издавање: **TRC-1084/09-bg-at**, 30.12.2009

**JUB d.o.o.e.l. Skopje**

Bul. Jane Sandanski br. 79/a/3
1000 Skopje
Republika Makedonija
T: +389 2 2454 027
+389 2 2454 027
F: +389 2 2455 235
E: kiril.boskov@jub.com.mk
www.jub.eu

ISO 9001 Q-159
ISO 14001 E-034
OHSAS 18001 H-022